Бр./Nr 12-7076/2
27-04-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-тата седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-7076/1 од 20.12.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-7076 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-7076/1 од 20.12.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///, по електронски пат. Сукцесивно е надополнета по електронски пат, истиот ден на 20.12.2021 година и два пати на ден 18.03.2022 година. Со пријавата подносителот оспорува ///, од суштински, процесен и материјално – правен аспект. Во пријавата меѓу другото се наведува и дека е прекршен член 8-а од Изборниот законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи /// во текот на изборен процес на Локалните избори 2021 година. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени дополнителни документи..

Со увидот во содржината на пријавата, ДКСК не утврди елементи за надлежно постапување за овој конкретен случај. Наведените дејствија во пријавата не укажуваат на коруптивни дејства на службени лица. Исто така, според доставената пријава, решението за /// е донесено на /// година, а Локалните избори 2021 година според објавата на

Државната изборна комисија се заврши на 08.11.2021 година, заради што ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р В. Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk